**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-2245/2**

## З А П И С Н И К

**Од 84-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 18.04.2019 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Илир Рамадани,м-р Ристе Панов,Косана Николиќ Мазнева, Ивана Трајковска, Анита Латифи, Гајур Рамадани и Златко Јанковски.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ,Мигена Горенца-одговорен уредник на Втор програмски сервис МТВ и Анета Андонова-одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ

Седницата започна во 12:45 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот Совет на МРТ едногласно го усвои дневниот ред:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

**1.**Разгледување и усвојување на записникот од 83-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**2.**Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.01.2019-31.03.2019 година.

**3.**Информација за начинот на медиумското известување и презентирање на кандидатите за Претседател на државата на програмите на МРТ,по распишувањето и за време на изборната кампања на Претседателските избори 2019 година.

**4.**Разгледување и усвојување на Правилник за определување документи и податоци што се сметаат за деловна тајна.

**5.**Разно.

ТОЧКА 1:**Разгледување и усвојување на Записникот од 83-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 83-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 83-та седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет едногласно **го усвои** запсиникот од 83-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА2:**Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.01.2019-31.03.2019 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално објаснување на целиот материјал од Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.01.2019-31.03.2019 година.
Виолета Димевска објасни дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.01.2019-31.03.2019 година без забелешки.

Претседателката на советот по расправата го стави на гласање Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.01.2019-31.03.2019 година.
■**Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.01.2019-31.03.2019 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** член,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.01.2019-31.03.2019 година **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА 3:**Информација за начинот на медиумското известување и презентирање на кандидатите за Претседател на државата на програмите на МРТ,по распишувањето и за време на изборната кампања на Претседателските избори 2019 година.**
По однос на оваа точка од дневниот ред повикани беа Анета Андонова одговорен уредник на првиот програмски сервис во МТВ и Мигена Горенца одговорен уредник на вториот програмски сервис на МТВ.
Анета Андонова прва го започна своето излагање по оваа точка и објасни пред присутните како се одвивало целокупното медиумското известување и презентирање на кандидатите за Претседател на државата на програмите на МРТ,по распишувањето и за време на изборната кампања на Претседателските избори 2019 година,додавајќи дека цело време се раководеле согласно правилникот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Изборниот законик,притоа добивајќи смао позитивни оценки од надлежните органи кои вршеле мониторинг за време на изборите.Исто така Анета во продолжение ја спомена и дебатата која беше емитувана на програмите на МТВ израбптена во копродукција со надворешна фирма по налик на америчките дебати кои ги гледаме на нивните ТВ станици.Истата дебата беше и оценета како најдобра и најизбалансирана од сите дебати кои беа правени на останатите телевизии во државата.Анета напомена дека се планира да има уште една таква дебата,за денот на изборите ќе имаме специјална емисија која ќе го испрати целиот изборен процес.

Мигена Горенца од вториот програмски сервис во продолжение го објасни делот на МТВ2 односно тоа дека разликата во презентацијата се однесува само на дневниците кои се емитуваат на програмите на МТВ1 и МТВ2 попрецизно во минутите за претставување кои им се даваат на кандидаите за Претседател на државата.Мигена посочи дека проблем во дебатата е симултаниот превод кој за наредната се надеваме дека ќе се надмине.Исто така Мигена во продолжение истакна дека се снимени и интервјуа на кандидатите за претседател и дека истите ќе бидат емитувани на програмите на МТВ2.Мигена псочи и еден проблем со кандидатот Блерим Река кој неколку дена нема активности на терен а дека поради избалансираност мора да се потполни тајмингот на истиот па мора да се наоѓаат алтернативни начини за да се потполни пропишаниот тајминг кој му следува.
Членот на советот Анита Латифи запраша дали почесто имале вакви проблеми со кандидатот Блерим Река.Мигена со одговор дека до сега ова е шести пат како мора сами да потполнуваат време од архивата.
Претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац со забелешка дека за првпат во еден изборен процес забележани се и реклами на социјалните мрежи за дебатат поконкретно.Анета со одогвор дека рекламите се изработени и презентирани од самата надворешна продукција која ја организираше дебатата.
Претедателката тука ја заврши дебатата по оваа точка и им посака на уредниците успешна работа во наредните денови.

ТОЧКА 4:**Разгледување и усвојување на Правилник за определување документи и податоци што се сметаат за деловна тајна.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Алимпие Алулоски од одделението за стручна и техничка подршка на Програмскиот совет и Надзорниот одбор на МРТ со детално објаснување на целиот материјал од Правилникот за определување документи и податоци што се сметаат за деловна тајна на ЈРП МРТ.Исто така Алимпие дополни дека Правилникот е дел и од укажувањата на Државната ревизија која изврши ревизија во МРТ и дека во периодот кој следува ќе има и други Правиилници на разгледување и усвојување пред Програмскиот совет на МРТ по истите укажувања.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање Правилникот за определување документи и податоци што се сметаат за деловна тајна на ЈРП МРТ.

■**Правилникот за определување документи и податоци што се сметаат за деловна тајна на ЈРП МРТ** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот за определување документи и податоци што се сметаат за деловна тајна на ЈРП МРТ е **едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 5:Разно.**
По оваа точка свое излагање имаше Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац која пред присутните членови даде еден краток извештај за постетата која ја оствариле со Горан Атансов-директор на администрација во МРТ на австриската телевизија ОРФ, и притоа ги пренесе искуствата кои ги стекнале таму,задржувајќи се на делот на присуството на телевизијата како медиум на социјалните мрежи, за кое што добиле и едно Упатство изработено од шведската телевизија,за кое претседателката кажа дека ќе го испрати и до сите членови од советот на разгледување.
Исто така пред присутните беше доставено и Правно мислење од Секторот за правни работи во МРТ кое предходно беше побарано до страна на Прогрмскиот совет а во врска со барањето на Димча Петковски управител на дооел Аргус и беше предложено истото да се испрати од службите до сите членови по електронска пошта на разгледување.

Седницата заврши во 13:40 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател